РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Бр. 02-** 20725/1
**22.06.2006 година**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 49 и 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00 и член 44/02), член 16 од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис ("Службен весник на РМ"бр. 34/01 и 6/02) и член 2 и 7 од Правилникот за начинот и постапката за регистрација на издавач на сертификати, а во врска со барањето поднесено од страна на "КИБС"АД-СКОПЈЕ (Клириншка куќа Клирински интербанкарски системи АД, Скопје), министерот за финансии на ден 22.06.2006 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**за упис во регистар на издавачи на сертификати во Република Македонија**

1.Барањето од **"КИБС"АД-СКОПЈЕ** (Клириншка куќа Клирински интербанкарски системи АД, Скопје), **СЕ УВАЖУВА**.

2. **СЕ ВРШИ УПИС** на **"КИБС"АД-СКОПЈЕ** (Клириншка куќа Клирински интербанкарски системи АД, Скопје) во регистарот на Издавачи на сертификати во Република Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

"КИБС"АД-СКОПЈЕ (Клириншка куќа Клирински интербанкарски системи АД, Скопје) до Министерството за финансии односно до Комисијата за спроведување на постапката за регистрација на физичко и правно лице кое издава сертификати или обезбедува други услуги поврзани со сертификати, односно електронски потпис, поднесе барање за упис во регистарот на издавачи на сертификати во Република Македонија.

Во прилог на барањето достави и документација.

По разгледувањето на барањето и приложената документација, Комисијата констатира дека кон барањето е приложена целокупната документација согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис како и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон и му предложи на министерот за финансии да донесе решение со кое ќе се изврши упис на барателот "КИБС"АД-СКОПЈЕ во регистарот на Издавачи на сертификати во Република Македонија.

Министерот за финансии го разгледа предлогот од Комисијата и согласно со одредбите од член 16 од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и член 2 и 7 од Правилникот за начинот и постапката за регистрација на издавач на сертификати, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Поука: Против ова решение барателот има право на приговор до Министерството за финансии, во рок од 8 дена од денот на неговиот прием.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**-барателот**
**-Комисијата и**
**-архивата на Министерството.**
**мс**

**МИНИСТЕР,**
**М-р Никола Поповски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ